Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 06/19 и 08/21), а согласно Правилникот за користење на простории, сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр 05/15 и 11/18)

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на членови во Комисијата**
**за распределба на простории сопственост на Општина Велес**
**на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации**

1.Со ова решение се констатира престанок на мандатот на членовите Комисијата за распределба на простории сопственост на Општина Велес за невладини организации, здруженија на граѓани и фондации:

-Елизабета Јовчевска и
-Сања Карабатова-Игновска.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 25.02.2025 година донесе Решение за именување претседател и членови на Комисијата за распределба на простории-сопственост на Општина Велес со бр. 25-1130/18 од 28.02.2022 година, со кое се именуваат Елизабета Јовчевска и Сања Карабатова Игновска како претставници од општинската администрација.

Од причини што Елизабета Јовчевска повеќе не е вработена во Општина Велес, а Сања Карабатова Игновска е распоредена во друга организациона единица на Општина Велес, се предлага престанок на мандат на овие членови на Комисијата за распределба на простории-сопственост на Општина Велес.

Во контекст на горенаведеното, се предлага ова Решение за престанок на мандат на членовите во Комисијата за распределба на простории-сопственост на Општина Велес.